Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна анкета и Јавна презентација**

на предлог Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СЗ 03 Блок 3, Општина Ѓорче Петров – Скопје

Планскиот опфат на предлог планот **Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СЗ 03 Блок 3, Општина Ѓорче Петров – Скопје** е дефиниран со следните граници на плански опфат:

- на североисток границата се движи по осовината на сервисната улица „4",
- на југоисток границата се движи по осовината на станбената улица „12",
- на југозапад границата се движи по осовината на сервисната улица „1" и
- на северозапад границата се движи по осовината на собирната улица „Лука Геров".

Вкупната површина на планскиот опфат на предлог Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СЗ 03 Блок 3, Општина Ѓорче Петров – Скопје, изнесува **1,47ха**.

- **Јавната анкета** ќе трае 10 работни дена **од 05.12.2019год. до 19.12.2019год.**, согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација на предлог **Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СЗ 03 Блок 3, Општина Ѓорче Петров – Скопје**, ќе биде изложен во просториите на **УЗ Даме Груев**, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од **08:00 до 16:00 часот**.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- **Јавна презентација** со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на **12.12.2019 год. во 14:00 часот** во просториите на **УЗ Даме Груев**, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на **12.12.2019 год. во 15:00 часот** во просториите на **УЗ Даме Груев**.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Број 09-3863/2

од 27.11., 2019 година

Скопје

Република Северна Македонија, Општина Ѓорче Петров, Скопје

**Александар Наумоски**